Република Северна Македонија

**Министерство за транспорт и врски**

**Број: 02-3774/38**
**Датум: 21.06.2022 година**

Врз основа на член 11 и член 52 став 1 од Законот за административни службеници („Службен весник на Република Македонија“ бр. 27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 5/16, 142/16 и 11/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 275/19, 14/20, 215/21 и 99/22), Државниот секретар на Министерството за транспорт и врски донесе:

**О Д Л У К А**
**за избор на кандидат по Интерен оглас 01/2022 за унапредување на административни службеници во Министерството за транспорт и врски**

1. Кандидатот **Александра Ивановска**, по пат на интерен оглас број 01/2022 се избира за работно место **УПР 01 01 В01 000 Советник за стратешки план и економски развој на цивилното воздухопловство** во Одделение за воздухопловна политика во Сектор за воздухопловство - 1 (еден) извршител.

2. Изборот е извршен врз основа на Финална ранг листа на интервјуирани кандидати и предлог одлука за избор на прворангираниот кандидат по интерен оглас број 01/2022 со број 02-3774/29 од 21.06.2022 година.

3. Именуваната ќе биде унапредена на работното место од став 1 по конечноста на оваа Одлука.

4. Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

**О б р а з л о ж е н и е**

Врз основа на добиено Известување број 18-3238/2 од 10.05.2022 година од Министерството за финансии, Државниот секретар упати Барање со број 04-3513/1 од 27.05.2022година за отпочнување на постапка за унапредување на 14 (четиринаесет) административни службеници во Министерството за транспорт и врски. На ден 01.06.2022 година беше објавен интерен оглас број 01/2022 за унапредување на 14 (четиринаесет) административни службеници во Министерството за транспорт и врски, објавен на на веб страната на Министерството за транспорт и врски и на веб страната на Агенцијата за администрација.

Во функција на спроведување на постапкатаза унапредување на административни службеници, од страна на Државниот секретар беше формирана Комисијата за селекција за унапредување на административни службеници, со Решение со број 02-3774/1 од 13.06.2022 година.

При административната селекција, Комисијата утврди дека за предметното работно место, пријава имаат доставено двајца кандидати. Согласно Законот за


Министерство за транспорт и врски на Република Северна Македонија
Ул. „Плоштад Црвена Скопска Општина“ бр. 4, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3145 497
www.mtc.gov.mk

административни службеници и Правилникот за систематизација на работни места во Министерството за транспорт и врски, Комисијата утврди дека пријавата на кандидатот Александра Ивановска е уредна, а пријавата на кандидатот Садика Нурковиќ е неуредна од причина што истата нема соодветен вид на образование за наведеното работно место утврдено во Правилникот за систематизација на работните места во Министерството за транспорт и врски.

За извршената административна селекција Комисијата состави Записник број 02-3774/26 од 15.06.2022 година.

По спроведеното интервју со уредниот кандидат, Комисијата состави Записник од спроведување на интервју и изготви Финална ранг листа на интервјуиран кандидат и предлог одлука за избор на прво рангираниот кандидат по Интерен оглас 01/2022 со број 02-3774/29 од 21.06.2022 година.

Врз основа на ранг листа, Државниот секретар во Министерството за транспорт и врски донесе Одлука да се изврши избор како во диспозитивот на оваа Одлука.

По конечноста на оваа Одлука, ќе се донесе Решение за унапредување за именуваната.

ПРАВНА ПОУКА: Против оваа Одлука кандидатот кој не е избран има право на жалба до Агенцијата за администрација во рок од 8 дена од денот на објавувањето на Одлуката на веб страницата.

ДРЖАВЕН СЕКРЕТАР
МИТКО ТРАЈЧУЛЕСКИ

Доставено до:
- Кандидатите;
- Одделение за управување со човечки ресурси;
- Архива.

Изработил: Билјана Мојсовска Милеска
Проверил: Анита Војновска Наумовска


Министерство за транспорт и врски на Република Северна Македонија
Ул. „Плоштад Црвена Скопска Општина“ бр. 4, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3145 497
www.mtc.gov.mk